Почитувани учесници на Годишната конференција на ГЛОБЕ,

Почитуван Амбасадоре на САД во Република Македонија г-дине Рикер,

Почитуван колега Тодоровски, Министер за образование и наука,

Почитуван Градоначалник на Охрид г-дине Петрески,

Драги пријатели:

Денес имам ретко задоволство и чест да ви се обратам, да ве поздравам во името на Министерството за животна средина и во мое име и да ви посакам добредојде во Република Македонија и во градот Охрид. Се чувствувам привилегиран и среќен во улогата на домаќин на еден ваков респектабилен собир на претставници од над 23 земји од Европа и Евроазија, кој застапува една вонредно важна и благородна мисија во две области од клучно значење за иднината на нашиот свет – заштита на нашата околина преку учење за неа и едуцирање на младите генерации кои ќе ја наследат и ќе се грижат за неа.

**Програмата ГЛОБЕ претставува меѓународен проект за едукација за животната средина или, ако сакате, за заштита на животната средина преку едукација.** Таа ги комбинира науката, образованието и технологијата на меѓународно ниво, со учество на околу 23.000 училишта од над 111 земји во светот. Како таква, од самиот почеток во 1998 година, на наша радост и задоволство, таа наиде на голем интерес и прифаќање кај наставниот кадар и кај учениците во училиштата ширум Република Македонија и во изминативе години бележи континуиран подем и остварува успеси достојни за почит.

Се разбира, Министерството за животна средина и просторно планирање, кое ги координира активностите на ГЛОБЕ во Република Македонија и ја остварува соработката во меѓународни рамки, не може да си ги припише сите заслуги за тоа само себеси. Напротив, ваквиот развој ќе беше невозможен без исключително добрата соработка со Министерството за образование и наука, но и без несебичната помош од нашите пријатели од Мировниот корпус, коишто дадоа огромен придонес во развојот на Глобе во национални рамки, па до сите наставници и ученици што работат секојдневно на активностите на Програмата.

Се надеваме дека во наредниот период, работејќи со еднаква посветеност и со интензивирање на соработката со сите заинтересирани субјекти, ќе успееме да ја прошириме мрежата во повеќе училишта во земјата. Уверени сме дека нивните резултати и достигнувања ќе придонесат за понатамошен развој на ГЛОБЕ и ќе бидат на еднакво рамниште со достигнувањата на нивните врсници од другите земји.

Сите знаеме дека децата полесно совладуваат нови технологии и вештини и токму затоа нивниот придонес за науката, под стручно и посветено водство на нивните едукатори, може да биде непроценлив.
Ниту една национална влада ниту меѓународна организација не може да обезбеди толкав број на различни мерења во реално време и на толкав број локации како што тоа може да го обезбеди мрежата на ГОБЕ ученици. Денес, во светот на брзи технолошки, но уште повеќе климатски промени, ова е од непроценливо значење и претставува уникатна можност за светските научници да имаат реална слика за состојбите во различни делови на светот, а со тоа полесно да ги предвидат и да ги проектираат можните текови на развојот и неопходните чекори и мерки за приспосбување на човештвото што ќе овозможи опстанок на нашата планета.

Од друга страна, давајќи го својот придонес кон светската наука, учениците преку ГЛОБЕ развиваат чувство за науката, математиката и напредната технологија и непосредно ги гледаат резултатите од своите проучувања, кои се ***во полза на сите нас, на нашата глобална животна средина и на нашата иднина.***

Почитувани учесници,

Се надевам дека овие неколку дена ќе се чувствувате пријатно во Охрид кој со право ја ужива заштитата на УНЕСКО како светско културно и природно наследство и во своите земји ќе понесете пријатни импресии за природните убавини, но и за луѓето на оваа земја која ви го нуди своето гостопримство и своите искрени чувства и желби за соживот на сите нации на светот, а с□ во полза на зачувување на животната средина и одржување на добросостојбата во нашиот заеднички дом – Планетата Земја.

Ви благодарам.